20250881948

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа член 9 став (1) од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија“ бр.146/09, 53/11, 149/15, 39/16, 132/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 април 2025 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ОРГАНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО ЗА 2025 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.27/25) делот I се менува и гласи:

„Средствата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2025 година во вкупен износ од 28.760.000,00денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24), Раздел 14004–Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во понатамошниот текст: Агенцијата), Програма 2, Потпрограма 20, Ставка 464-Разни трансфери ќе се користат според следните мерки и тоа за:

| Број на мерка | Име на мерка | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка за органско растително производство | 100.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка за органско сточарско производство | 200.000,00 |
| 3. | Финансиска поддршка за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно сточарско и растително потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло) | 150.000,00 |
| 4. | Финансиска поддршка за трговија или маркетинг на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло | 150.000,00 |
| 5. | Финансиска поддршка за посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација | 150.000,00 |
| 6. | Финансиска поддршка за посебни директни плаќања за анализа на производ кај земјоделски стопанства | 10.000,00 |
| 7. | Заостанати обврски од Програмите за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2022, 2023 и 2024 година | 28.000.000,00 |
| | Вкупно | 28.760.000,00 |

II

Во делот II став (1) во воведната реченица износот „40.000.000,00“, се заменува со износот „100.000,00“.

Табелата се менува и гласи:

“

| Број на подмерка | Име на подмерката |
|---|---|
| 1.1. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите органски и во преод поледелски култури, лековити, ароматични, зачински растенија и цвеќе |
| 1.1.а | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за остварено производство на пченица, јачмен, сончоглед, маслодајна репка и афионова чушка |
| 1.2. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за органско и во преод за градинарско производство на отворено и во пластеници |
| 1.3. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.2. за производство под контролирани услови на органски и во преод домати, пиперки и краставици |
| 1.4. | Директни плаќања по обработлива органска и во преод земјоделска површина за одржување на постоечки овошни насади |
| 1.4.а | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.4. за овошје предадено во преработувачки капацитети или кај регистрирани откупувачи |
| 1.5. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки органски и во преод лозови насади |

Ставот (2) се менува и гласи:

„Корисници на средства од подмерката 1.1. на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на средства од подмерката 1.1. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 3.000 денари по хектар во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.1 алинеја 4 од Уредбата, за 6.500 денари по хектар за подмерката 1.1 алинеја 5 од Уредбата и за 5.250 денари по хектар за подмерката 1.1 алинеја 6 од Уредбата.“.

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Корисници на средствата од подмерката 1.1.а на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на средства од подмерката 1.2. алинеи 3 и 4 од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 3.000 денари по хектар во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.2 алинеја 6 од Уредбата.“.

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

По ставот (5) кој станува став (6) се додава нов став (7) кој гласи:

„(7) Корисници на средствата од подмерка 1.4.а на овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на средства од подмерката 1.7. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 2,1 денари по килограм во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.7. алинеи 5 и 6 од Уредбата, за сите овошни култури освен за малина и лешник каде поддршката изнесува 3,5 денари по килограм.“.

Ставот (6) станува став (8).

III

Во делот III став (1) во воведната реченица износот „71.000.000,00“, се заменува со износот „200.000,00“.

IV

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-3248/18
29 април 2025 година
Скопје

Претсетадел на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.